Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

# ПЛАН ЗА ПОЛИТИКИ ЗА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

# за 2023 година

**Кабинет на Заменичката на Претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење**

**Јануари 2023 г.**

# СОДРЖИНА

Стр.

Цел 1: Да се воспостави законски и финансиски механизам за користење на приходите од продажбата на одземениот имот за поддршка на социјалните потреби.......................................................................................... 4

Цел 2: Да се осигура сите релевантни институции на нивните веб-страници да ги објават информациите наведени во член 22 од Законот за пристап до информации од јавен карактер................................................ 5

Цел 3: Дополнителни тринаесет државни инспекторати да бидат опремени и подготвени да вршат е-инспекции.................................................... 6

Цел 4: Да се обезбеди спроведување на обврските на централната власт како што е наведено во Акцискиот план на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси (2021-2025) ................. 7

Цел 5: Целосни подготовки за објавување на тендер за воведување електронски лични карти за сите македонски граѓани.............................. 8

Цел 6: Усогласен Предлог-закон за спорт да влезе во собраниска процедура..... 9

Цел 7: Да се унапреди свесноста за потребата од интегритет и професионално, одговорно и ефикасно работење меѓу носителите на јавни функции и јавните службеници во централната администрација............................ 10

Цел 8: Да се изготви стратегија и акциски план за транспарентност, за 2023-2026 година, до јуни ................................................................... 11

Цел 9: Предлог Закон за конфискација без осудителна пресуда да биде подготвен за собраниска процедура....................................................... 12

Цел 10: Да се изготват предлог-измени на прописите со кои се уредува функцијата в.д директор за да се ограничи злоупотребувањето на позицијата.............................................................................................. 13

Цел 11: Да се подобри точноста на податоците на официјалните веб-страници на јавните институции..................................................... 14

Цел 12: Предлог закон за архивска дејност да биде подготвен за собраниска процедура до септември 2023 година.................................. 15

Цел 13: Следење дали владините институции систематски преземаат активности по препораките и наодите во извештаите на Државниот завод за ревизија................................................................... 16

Цел 14: Да се подобри правната и регулаторната рамка за јавните набавки........ 16

Цел 15: Интензивирање на соработката со Советот на Европа, со цел формирање на Центар за добро владеење ............................................. 17

Цел 16: Да се формира регионална мрежа на жени во добро владеење и борба против корупцијата...................................................................... 18

Цел 17: Да се поттикне сеопфатна дигитализација за ефикасно и професионално функционирање на институциите ...................................... 20
Цел 18: Да се изготват конкретни предлози за измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет, Законот за Советот на обвинители и Законот за Академијата за судии и јавни обвинители ............................. 21
Цел 19: Активно вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики ........................................................................................... 22
Цел 20: Да се анализираат Плановите за намалување на ризикот од корупција на одреден број на главни државни институции, нивните и каде што е потребно да се обезбедат акциски планови за надминување на откриените слабости ........................................................................ 23
Цел 21: Да се зголеми свесноста на младите луѓе и ангажираноста во антикорупциските активности ............................................................... 24
Цел 22: Да се подготви регулаторната рамка за формирање на Агенцијата за дигитализација ........................................................................................ 26
Цел 23: Да се поддржи развојот и користењето на електронски регистар за подароци ............................................................................................... 26
Цел 24: Да се редефинира концептот на добро владеење за да се обезбеди подобрена координација во планирањето на владините политики и во следењето на нивното спроведување ................................................ 28

## ЦЕЛ 1

**Да се воспостави законски и финансиски механизам за користење на приходите од продажбата на одземениот имот за поддршка на социјалните потреби**

**Заднина**

Почнувајќи од 2022 година, Кабинетот на Заменичката на Претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење (ЗПВПДВ) обезбеди техничка и административна поддршка на Националната комисија одговорна за следење на Стратегијата за зајакнување на капацитетите за спроведување на финансиски истраги и конфискација на имот со Акциски план 2021-2023.

Националната комисија минатата година спроведе неколку активности од акцискиот план, кој беше препознаен од меѓународните организации и земјите од регионот како пример за добра практика.

**Активности**

- Со поддршка на Германската корпорација за меѓународна соработка (GIZ), да се ревидира Стратегијата за зајакнување на капацитетите за спроведување на финансиски истраги и конфискација на имот. На пример, да се разгледа можноста за конкретни активности поврзани со Јавното обвинителство како и користење на инструментотконфискација како алатка во борбата против организираниот криминал и/или корупцијата на високо ниво (јануари-јули).
- Изготвување на предлог-правни акти со кои ќе се воспостави механизам за социјална пренамена на конфискуваниот нелегално стекнат имот (јули-декември).
- Интензивирање на соработката помеѓу Кабинетот и Агенцијата за управување со одземен имот (јануари-декември).
- Зајакнување на вклученоста на НВО и општините како партнери со Владата за спроведување на механизмот за социјална пренамена на конфискуваниот имот.(март - декември)
- Јакнење на свеста за важноста и влијанието на оваа иницијатива (март - декември)
- Следење на степенот на имплементација на активностите од стратегијата (дел од мандатот на Националната комисија) преку подготовка на втор извештај за степен на имплементација (март) и трет извештај кој се доставува до Владата (декември)

**Клучни инволвирани институции**

- Агенција за управување со одземен имот
- Национална комисија за следење на Стратегијата за зајакнување на капацитетите за спроведување на финансиска истрага и конфискација на имот
- Министерство за внатрешни работи
- Јавно обвинителство
- Јавно обвинителство – Канцеларија за поврат на имот
- Основен кривичен суд, Скопје

- Министерство за финансии – Царинска управа
- Министерство за финансии – Управа за финансиска полиција
- Министерство за финансии – Управа за финансиско разузнавање
- Министерство за финансии – Управа за јавни приходи
- Министерство за информатичко општество и администрација
- Релевантни локални невладини организации
- Релевантни меѓународни организации (USAID, UNODC, GIZ итн.).

**ЦЕЛ 2**

**Да се осигура сите релевантни[1] институции на нивните веб-страници да ги објават информациите наведени во член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Заднина**

Анализата на веб-страниците на институциите и нивните содржини покажува дека кај значителен број на институции се јавува неусогласеност на обемот на содржини кои се ставени на располагање на јавноста. Со тоа се ограничуваат институционалните напори за обезбедување на висок степен на транспарентност за нивното работење.

Прв чекор во процесот на јакнење на транспарентноста на веб-страниците треба да биде конзистентноста на содржините кои се од значење за граѓаните, односно објавување на информациите наведени во член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Ако ова се спроведе, на граѓаните им се става на располагање голем обем на релевантни информации, за кои нема да мораат да бараат увид во долги и комплицирани постапки, со кои може и да не ги добијат саканите информации. Истовремено, на институциите им се олеснува работењето бидејќи се намалува бројот на барања за пристап до податоци од јавен карактер. Друга придобивка од подобрените и ажурирани информации за веб-страниците и институционалната транспарентност би биле зголемениот јавен интерес, разбирањето и надзорот над работата на јавните институции.

**Активности**

- Да се обезбеди толкување на членот 10 за различни институции, т.е. какви информации треба да објават различни институции (март-април).
- Развивање и дистрибуирање на насоки до сите релевантни институции за тоа како да се примени член 10 (јануари-декември)
- Јакнење на свеста кај новинарите за ова прашање со цел да се охрабрат да ја следат усогласеноста (јануари-декември)

---

[1] Релевантни институции се сите министерства и централните агенции кои одговараат пред нив

**Клучни инволвирани институции**

- Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер како и граѓанскиот сектор
- Релевантни локални НВОа

| ЦЕЛ 3 |
|---|

**Дополнителни тринаесет државни инспекторати да бидат опремени и подготвени да вршат е-инспекции**

**Заднина**

Во 2022 година е воспоставен електронскиот инспекциски систем, како пилот, во три државни инспекторати и тоа Пазарен инспекторат, Управен инспекторат и Инспекторат за труд.

Во јуни 2022 година, по низа координативни активности преземени од страна на ЗПВПДВ, Инспекцискиот совет, ја презеде софтверската програма Е-инспектор за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење. Ова вклучуваше преземање на одржување, понатамошен развој, модернизација, проширување и адаптација на системот Е-инспектор.

Во октомври 2022 година беа потпишани договори за интероперабилност помеѓу Инспекцискиот совет и 13 дополнителни инспекциски служби. Со користење на софтверот Е-инспектор и приклучувањето на дополнителните инспекциски служби кон платформата за интероперабилност, инспекторите ќе можат лесно и брзо да ги добијат сите податоци кои им се неопходни за да можат квалитетно и навремено да ја спроведат и завршат инспекциската постапка, со што ќе се намали и притисокот кон стопанствениците во однос на обезбедувањето на потребните податоци.

Кабинетот продолжува да одржува редовни состаноци со Инспекциски совет и државните инспекторати. Три државни инспекторати, државниот пазарен инспекторат, управниот инспекторат и инспекторатот за труд се веќе приклучени на платформата за интероперабилност и ги споделуваат искуствата од воспоставувањето и работењето на Е-инспектор. Развивањето на системот Е-инспектор за дополнителните 13 инспекторати ќе се одвива на квартално ниво и се очекува оперативно да бидат приклучени на системот Е-инспектор и да почнат да работат до крајот на март 2024 година.

**Активности**

- Имплементација на проектниот план, преку развој на модули на дополнителните 13 државни инспекторати во системот со квартален распоред и тоа:
  - Агенцијата за храна и ветеринарство, земјоделство и Инспекторат за јазици (јануари – март)

  - Инспекторати за животна средина, Образовен и Санитарен и Здравствен инспекторат (април – јуни)
  - Инспекторати за шумарство и лов, Градежништво и Урбанизам и транспорт (јули – септември)
  - Комунален инспекторат, Инспекторат за локална самоуправа, Технички и Девизен инспекторат (октомври – декември)
- Кабинетот ќе продолжи да работи со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за надминување на слабостите и проблемите идентификувани со системот Е-инспектор (јануари – декември).
- Одржување на редовни месечни состаноци со Инспекцискиот совет, а по потреба и со државните инспекторати (јануари – декември)
- Развивање на софтвер кој го подобрува капацитетот за спроведување на Е-инспекции (јануари – декември)
- Централизирање и дигитализирање на поплаките/извештаите за неправилности (јануари – декември)

**Клучни инволвирани институции**

- Инспекциски совет
- Европска банка за обнова и развој (ЕБОР)

| **ЦЕЛ 4** |
|---|

**Да се обезбеди спроведување на обврските на централната власт како што е наведено во Акцискиот план на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси (2021 - 2025)**

**Заднина**

Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси, со нејзиниот акционен план, е документ усвоен од Собранието на Република Северна Македонија. Пред да биде доставена до Собранието, Стратегијата беше одобрена од Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК). Стратегијата опфаќа период од пет години од 2021 до 2025 година. Ова усвојување на Национална стратегија е првиот, исклучително важен чекор според новиот Закон за спречување на корупција и судир на интереси.

Составен дел на Стратегијата е Акцискиот план. Овој План, исто така, го опфаќа периодот од 2021 до 2025 година. Тој дава детален приказ на предизвиците што треба да се решат; активности, теми, временски рокови и индикатори за спроведување на Планот и; дополнителни детали за тринаесет сектори на владината активност кои се особено ранливи на прашања за корупција и конфликт на интереси. Севкупно, Националната

стратегија 2021-2025 и Акцискиот план идентификуваат 54 проблеми и 111 мерки и 191 активност што треба да се преземат за да се решат овие проблеми.

Во моментов, напредокот во спроведувањето на Акцискиот план е слаб. Со цел да се подобри состојбата, Кабинетот, во областите каде што Владата има надлежност да постигне напредок, ќе преземе активности за да обезбеди подобрена имплементација и на Стратегијата и на Акцискиот план.

Од надлежните институции, особено оние кои се фокусирани на справување со корупцијата, беше побарано да достават план до Кабинетот во кој ќе се наведе како имаат намера да ги спроведат своите обврски од Стратегијата и нејзиниот акциски план..

**Активности**

- Идентификување и оценување на спроведувањето на мерките и активностите во Акциониот план кои спаѓаат во надлежностите на Владата (март-април).
- Подобрување на координацијата помеѓу институциите и следење на спроведувањето на нивните планови за подобрување на перформансите според барањата на Стратегијата и нејзиниот Акционен план (јануари-декември).
- Преземаат, во соработка со надлежните институции, активности кои ќе обезбедат спроведување на нивните соодветни активности наведени во Акцискиот план (април-декември).

**Клучни инволвирани институции**

- ДКСК

| ЦЕЛ 5 |
|---|

**Целосни подготовки за објавување на тендер за воведување електронски лични карти за сите македонски граѓани**

**Заднина**

Воведувањето на национален електронски идентитет за граѓаните е клучна компонента за дигитална трансформација на општеството. Со ова, граѓаните ќе можат електронски да се идентификуваат со иста правна и доказна сила како што во моментов се прави преку традиционалниот физички документ. Дополнително, електронските идентитети се основа за натамошна дигитализација и користење на постојните електронски услуги од приватниот и јавниот сектор.

Во 2022 година, на покана на Кабинетот, а врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка, експерти од Естонскиот центар за е-влада ја посетија Северна Македонија и се сретнаа со работните групи за Законот за архивирање и Законот за електронска лична карта. Воведувањето на електронски лични карти е клучна алка во процесот на

дигитална трансформација и Естонскиот центар обезбедува експертиза што ќе помогне во подготовката на документацијата за тендерскиот процес за електронска лична карта.

Со национален електронски идентитет, граѓаните ќе можат да пристапат до секоја платформа и да ги прегледаат или користат електронските услуги на платформата за е-услуги.

**Активности**

- Развивање на план за сите македонски граѓани да имаат електронски лични карти (јануари-јуни).
- Утврдување на потребните законски измени и координирање на процесот за изготвување нацрт законски измени (јули-декември).
- Подготовка на основите за донесување потребни законски измени (јули-декември).
- Развивање на спецификацијата за тендерот за електронски лични карти (јули-декември).

**Клучни инволвирани институции**

- Министерство за внатрешни работи
- Собрание
- ДКСК
- Естонскиот центар за е-влада

| **ЦЕЛ 6** |
|---|

**Усогласен Предлог-закон за спорт да влезе во собраниска процедура**

**Заднина**

Светскиот тренд на злоупотреба на дејноста спорт, се позачестените софистицирани облици на организиран криминал, манипулациите со спортските натпревари, перењето на пари, можностите за злоупотреба на буџетски средства се доволен мотив, нашата држава преку своите институции да се спрема за соочување со таа опасност.

Анализата на актуелната легислатива, детектирањето на слабостите и непримерливите одредби, а во исто време и подготовка на законодавството според регулативите на ЕУ се добра појдовна точка за функционален државен систем. Конкретно за спортот, досегашните анализи покажуваат дека е неопходно да се спроведат повеќе од 30% измени на постоечкиот закон што би значело подготовка на нов Закон за спорт.

Кабинетот ќе го реализира овој нов закон во соработка со Министерство за правда и Агенција за млади и спорт.

Идеите и препораките кои ќе бидат изнесени во Извештајот за Проширениот делумен договор за спорт (EPAS), составен од содржината на средбите одржани во текот на

втората половина на 2022 година, ќе помогнат да се формира патоказот за идните активности во оваа година.

**Активности**

- Развивање на конкретни предлози за Законот (јануари-март).
- Составување на предлози во Нацрт-закон за спорт (март).
- Барање од Советот на Европа да даде стручно мислење за Предлог-законот за спорт (април).
- Организирање на јавна расправа за Предлог-законот за спорт (мај-јуни).
- Измена на нацртот врз основа на дополнителните предлози и изготвување на усогласен Предлог-закон за спорт (јули).
- Развивање и спроведување на кампања за подигање на свеста за неопходноста од Законот за спорт (август-декември).

**Клучни инволвирани институции**

- Совет на Европа
- Министерство за правда
- ДКСК
- Агенција за млади и спорт

| ЦЕЛ 7 |
| --- |

**Да се унапреди свесноста за потребата од интегритет и професионално, одговорно и ефикасно работење меѓу носителите на јавни функции и јавните службеници во централната администрација**

**Заднина**

Во соработка со Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), во 2022 година беа спроведени четири обуки за Етичкиот кодекс за носители на јавни функции именувани од Владата, на кои беа опфатени над 140 носители на јавни функции. Овие обуки им помогнаа на јавните функционери да се запознаат подетално со одредбите и различните толкувања на Кодексот, како и со предизвиците кои тој ги поставува во управувањето со секојдневното работење во јавните институции.

Кабинетот, во соработка со УСАИД, ја организираше и првата фаза од програмата за обука на обучувачи со цел вработените во Кабинетот кои се воедно и вработени во ГСВРСМ да може да одржуваат самостојно обуки за етичкиот кодекс и за интегритет во 2023 година.

Дополнително, Кабинетот во соработка со Проектот за граѓанско учество на УСАИД, спроведе тестови за интегритет за повеќе од 120 носители на јавни функции. Ова беше проследено со анализа на самите тестови, за да се идентификуваат подобрувањата на кои се работи.

Искуствата стекнати за време на обуките беа искористени од страна на Кабинетот за подготовка на ревидиран нацрт на Етичкиот кодекс за именувани функционери, за справување со предизвиците во спроведувањето со кои институциите се соочуваа.

Во текот на 2022 година, Кабинетот ја продолжи задачата за следење на усогласеноста на назначените функционери со Кодексот и процесуираше случаи на непочитување, применувајќи мерки како што е дефинирано во Кодексот.

**Активности**

- Организирање на напредна програма за обука на обучувачи за членовите на кабинетот и Генералниот секретаријат на Владата, со цел да се оспособат да одржуваат обуки за именувани функционери за спроведување на Етичкиот кодекс, како и за други тесно поврзани теми како што се ограничувања на подароци и лобирање (март-декември)
- Обезбедување на обуки за Етичкиот кодекс за именувани функционери според потребите (мај-декември).
- Следење на примената на Етичкиот кодекс од страна на членовите на Владата и другите избрани и именувани функционери и преземање на корективни мерки во случаи кога ќе се утврди прекршување (јануари-декември).
- Спроведување на тестови за интегритет на именувани функционери назначени од Владата во 2023 година, според потребите.

**Клучни инволвирани институции**

- Генерален секретаријат на Владата
- ДКСК

| **ЦЕЛ 8** |
|---|

**Да се изготви стратегија и акциски план за транспарентност, за 2023-2026 година, до јуни**

**Заднина**

Во 2022 година, Кабинетот, во соработка со невладиниот сектор, ја препозна потребата од отпочување на процес за изработка на нова стратегија за транспарентност од причини што старата е истечена.

Новата стратегија, која ќе биде изработена ќе ја следи *Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии* како и насоките од *Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии* каде целта ќе биде да ги мотивира Владата и нејзините сродни институции, како и јавните и јавно-приватните претпријатија, да

направат што повеќе информации достапни за граѓаните. Пристапот до информации за јавноста не треба да зависи од тоа дали граѓаните, преку законски процес, го остваруваат своето право на пристап до информации од јавен карактер.

Институциите треба да ја стандардизираат својата практика на споделување податоци (воедначеност на веб-страниците во однос на видот на податоците и документите што се објавуваат; унифицирање на форматот во кој се споделуваат податоците) за да се олесни пристапот до информации од јавен карактер во согласност со законот . Тие, исто така, треба да одат подалеку и не само да понудат пристап до нивните документи, туку и да им помогнат на граѓаните во нивното барање податоци.

**Активности**

- Учество на работни средби на работната група за изработка на Стратегијата за транспарентност и интервјуа со засегнати страни (јануари-март)
- Нацрт – Стратегија за транспарентност (јануари-април)
- Учество на јавни расправи за нацрт – Стратегијата (јануари-април)
- Финализирање на Стратегијата за транспарентност (јануари-мај)
- Подготовка на акциски план за Стратегијата за транспарентност (јануари-мај)
- Учество на презентација на Стратегијата за транспарентност (јануари-јуни)

**Клучни инволвирани институции**

- Канцеларија на Претседател на Влада на РСМ
- Министерство за информатичко општество и администрација
- Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер
- Стопански комори
- Здружение на новинари
- Совет за соработка со граѓанскиот сектор
- Интеруниверзитетска конференција
- Невладини организации

| **ЦЕЛ 9** |
| --- |

**Предлог Закон за конфискација без осудителна пресуда да биде подготвен за собраниска процедура**

**Заднина**

Физибилити студија за потребата од воведување во нашата законска регулатива на конфискација без осудителна пресуда  беше подготвена од Советот на Европа во 2022 година. Студијата содржи компаративна анализа на меѓународната практика; анализа на правната рамка и практиката во Северна Македонија; проценка на слабостите во

постојниот институционален систем; и препораки и идни насоки за изработка и имплементација на ново законско решение.

Предложениот закон ќе го штити јавниот интерес во Република Северна Македонија со тоа што ќе се дозволи конфискација на имот за кој судот одлучил дека не може да се докаже дека е стекнат од законски извори и ќе даде придонес во ефективната борба против корупцијата

Воведувањето на овој закон треба да биде придружено со активности за подигање на свеста насочени кон информирање на граѓаните за важноста од стекнување имот на легален начин, бидејќи во спротивно ризикуваат да им биде одземен имотот.

**Активности**

- Координирање со Кабинетот на Премиерот за да се дефинираат конкретните чекори потребни за брзо дејствување и реализација на оваа цел (март-април).
- Обезбедување на одобрение за предложеното законско решение од Министерот за правда и ставање во владина процедура за да се побара мислење од надлежните институции (април).
- Водење на проактивна медиумска и политичка кампања за да се внесе законот во собраниска процедура (веднаш по ставањето на законот во владина процедура)
- Развивање на конкретна медиумска стратегија за промоција на новиот закон (штом Законот ќе биде изгласан во Собранието)

**Клучни инволвирани институции**

- Канцеларија на Претседателот на Владата
- Министерство за правда
- Финансиска полиција
- Граѓански суд
- Совет на Европа
- Германска корпорација за меѓународна соработка (ГИЗ)
- Делегација на ЕУ

| **ЦЕЛ 10** |
|---|

**Да се изготват предлог-измени на прописите со кои се уредува функцијата в.д директор за да се ограничи злоупотребувањето на позицијата**

**Заднина**

Кабинетот, во соработка со меѓународни партнери ќе иницира анализа со која се објаснува потребата од измена на законската регулатива која ќе оневозможи без соодветно образложение да се именуваат в.д. дитректори, која што ќе резултира и со соодветни препораки. Измената на регулативата е неопходна за да се спречат злоупотребите поврзани со именувања на оваа позиција без притоа да се исполнуваат

потребните критериуми и законски услови. Исто така ќе мора да се зајакне законската регулатива и во однос на временската период во кој едно лице може да биде именувано за вршител на должност н араководна позиција. На пример, лице да не може повторно да биде вршител на должноста директор по завршувањето на првичното шестмесечно именување, но и да се овозможи избор на квалификувани лица врз основа на квалитет и стручност.

**Активности**

- Подготовка за изготвување на првична анализа со прибирање податоци од институциите каде во моментов или неодамна е користена функцијата в.д. директор, како што е регулирано со законот (април).
- Анализирање на собраниот материјал (мај).
- Подготовка на препораки за законски измени.
- Координативни активности со надлежните јминистерства од каде треба да произлезат предлог законски измени.

**Клучни инволвирани институции**

- Министерство за информатичко општество и администрација
- Министерство за финансии
- Генерален секретаријат

| **ЦЕЛ 11** |
|---|

**Да се подобри точноста на податоците на официјалните веб-страници на јавните институции**

**Заднина**

Според Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, податоците на веб-страниците на секоја институција треба да бидат ажурирани и точни. Меѓутоа, често се случува официјалните веб-страници да содржат закони, подзаконски акти и барања кои се застарени, невалидни или без најнови измени и дополнувања.

Оваа цел треба да им помогне на граѓаните и институциите да избегнат објавување на нецелосни или неточни информации, кои можат да ги доведат луѓето во заблуда. Истовремено е во насока на навремено и точно информирање на граѓаните што е предуслов за транспарентна, одговорна и отчетна власт.

Дополнително, оваа активност значително ќе го намали обемот на работа на јавните институции, бидејќи со објавување точни податоци на нивните веб-страници тие ќе го намалат бројот и обемот на барања од страна на граѓаните, невладините и другите институции. Ова ќе им овозможи на јавните службеници да имаат повеќе време да се фокусираат на обезбедување подобар квалитет на услугите за граѓаните

**Активности**

- Давање конкретни предлози на измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, член 9, за обезбедување конкретни рокови за ажурирање на податоците на јавните веб-страници. Терминот „ажурирање на редовна основа“ е премногу општ, што често резултира со погрешно толкување и несоодветна имплементација (јули-декември).
- Да се изработат натамошни измени, според промената во член 9 од Законот, како и да се изработи соодветна измена за член 39 став 1 и 2 (јули-декември).

**Клучни инволвирани институции**

- Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер
- Министерство за правда

| ЦЕЛ 12 |
| --- |

**Предлог закон за архивска дејност да биде подготвен за собраниска процедура до септември 2023 година**

**Заднина**

Оваа цел го поддржува обезбедувањето на е-архива во сите институции, со што им се овозможува на институциите да управуваат, користат и издаваат документи по електронски пат. За да се оствари оваа електронска трансформација, потребно е регулирање на процесите за чување, складирање, пристап и користење на постојани електронски документи во Државниот архив.

Со преминот од физички во електронски документи и зголемениот број на електронски документи, неопходно е да се гарантира нивната организација и чување во администрацијата, како и преносот, евидентирањето, чувањето и користењето на трајните електронски документи во Државниот архив. Овие процеси може да се регулираат со развивање и имплементирање на систем за е-архивирање (e-Archive Information System) кој е организиран на унифицирана, нормативна и методолошка основа.

**Активности**

- Изготвување на потребните законски измени (март-јуни).
- Завршување на владина постапка за потребните законски измени (август-септември).

**Клучни инволвирани институции**

- Министерство за информатичко општество и администрација
- Собрание

## ЦЕЛ 13

**Следење дали владините институции систематски преземаат активности по препораките и наодите во извештаите на Државниот завод за ревизија**

**Заднина**

Кабинетот активно ги следи ревизорските извештаи поставени на веб-страницата на Државниот завод за ревизија (ДЗР) и анализира дали условот, институцијата да достави акционен план до Владата, како одговор на извештајот на ДЗР, е исполнет во рамките на предвидениот период од 30 дена. Доколку некоја институција не доставила акциски план, Кабинетот ја контактира, пред истек на рокот, со упатство да достави акциски план до владата што е можно поскоро.

Во текот на 2022 година, Кабинетот тесно соработуваше со ДЗР во спроведувањето на оваа цел и, на пример, заеднички одлучуваа за кои ревизорски извештаи ќе подготват Информација на Влада со кои конкретни задолжувања за надлежните институции. Кабинетот ја следеше усогласеноста со барањето за изготвување акциони планови и обезбеди информации до Владата за оние извештаи кои заслужуваат посебно внимание. Оваа соработка ќе продолжи и во 2023 година.

**Активности**

- Анализирање на конкретни ревизорски извештаи и известување за неправилностите објавени во нив (јануари - декември).
- Подготвување на Информација за наодите и препораките утврдени во ревизорските извештаи и нивно ставање во владина процедура (јануари-декември).

**Клучни инволвирани институции**

- Државен завод за ревизија

## ЦЕЛ 14

**Да се подобри правната и регулаторната рамка за јавните набавки**

**Заднина**

Законски регулиран процес на јавни набавки подразбира збир на правила, прописи и норми според кои јавните субјекти се обврзани да постапуваат, со цел да се обезбеди законитост, отчетност и одговорност во управувањето и трошењето на јавните средства. На овој начин се постигнува конкурентност и се подобрува ефикасноста во користењето на јавните финансиски ресурси, со што се зголемуваат можностите за посилен економски развој.

